**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1303-78/1**

**Скопје, 17.01.2006 година**

**ДО**
**РАДИОДИФУЗНО ПРЕТПРИЈАТИЕ**
**„РАДИО ДЕМИР ХИСАР“ П.О.**
**ДЕМИР ХИСАР**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Радиодифузното претпријатие „Радио Демир Хисар“ п.о.-Демир Хисар ( во понатамошниот текст „Радио Демир Хисар“) за 2004 година, кои се прикажани на страните од 1 до 4.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државната ревизија.

3. Не е вршена ревизија ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на ,,Радио Демир Хисар,, за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија,

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Зоран Рутевски - В.Д. директор,

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 4, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 02.12.2005 до 09.12.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:
   - Максим Ацевски, Помошник главен државен ревизор;
   - Весна Младеновска, виш ревизор,
   - Десанка Крстеска, ревизор,
   - Мирјана Симакоска, ревизор,

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да го изрази мислењето:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

10.1. **Неправилна примена на акти**

10.1.1. „Радио Демир Хисар” и општината Демир Хисар не превземале активности и мерки за усогласување на работењето на Радиодифузното претпријатие „Радио Демир Хисар” што е спротивно на член 92 од Законот за радиодифузната дејност. Непревземањето на активности и мерки за усогласување на работењето предизвикува управувањето и раководењето во претпријатието да се извршува според законски акти и статутарни одредби кои не се во сила, односно не се усогласени со постојните законски прописи

**Препораки и мерки:**

1. „Радио Демир Хисар“ да пристапи кон превземање на активности и мерки во соработка со Советот за радиодифузија за утврдување на својот статус како основа за понатамошна трансформација на претпријатието.

10.2. **Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.2.1. ,,Радио Демир Хисар,” сметководствената евиденција и трговските книги ги води со примена на сметководственото начело на парично искажување, што е спротивно на член 469 од Законот за трговски друштва. Непочитувањето на законската регулатива и неприменувањето на пресметковната основа за подготвување на финансиските извештаи предизвикува финансиските извештаи на известувачкиот датум 31.12.2004 година да се нереално и необјективно искажани.

10.2.2. Не е извршен попис на материјалните средства, паричните средства, побарувањата и обврските, спротивно на член 473 од Законот за трговски друштва и Правилникот за начинот и роковите за вршење на попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба.

Непревземањето на активности и мерки и непочитувањето на наведените законски и подзаконски акти за спроведување на пописот предизвикува неможност: да се утврди фактичката состојба на материјалните средства, паричните средства, побарувањата и обврските, да се изврши нивно усогласување со сметководствената евиденција и за евентуално утврдените разлики да се изјасни органот на управување.

10.2.3. „Радио Демир Хисар“ нема пропишано соодветни политики и начела за навремено и ажурно евидентирање и хронолошко презентирање на побарувањата и обврските, што е спротивно на член 472 од Законот за трговските друштва. Отсуството на соодветни политики и начела и непочитувањето на наведениот законски акт предизвикува неможност за реално и објективно утврдување и презентирање на побарувањата и обврските за соодветниот пресметковен период.

10.2.4. „Радио Демир Хисар“ при исплатата на надоместоците по договор за дело врши пресметување на персоналниот данок на доход без при тоа истиот да го плати, за да на крајот од деловната година изврши бришење на обврската од трговските книги во сметководствената евиденција кое е спротивно на Законот за персонален данок на доход и Законот за трговски друштва. Непочитувањето на наведените законски акти и ваквата воспоставена практика на постапување предизвикува ненавремено односно не плаќање на обврските према Буџетот на Република Македонија во износ од 46 илјади денари.

10.2.5. „Радио Демир Хисар“ плаќањето на дел од обврски го врши во готово од благајната во висина поголема од 100 Евра во денарска противвредност по пат на делење на една иста обврска спротивно на член 7-а од Законот за платен промет. Непочитувањето на наведениот законски акт предизвикува исплата на трошоци во готово кои имаат поголема вредност од максимално дозволената.

**Препораки и мерки:**

1. ,,Радио Демир Хисар“ да воспостави сметководствени политики и начела за изготвување на финансиските извештаи засновани врз пресметковна основа (фактурирана реализација), при што ефектите и трансакциите и другите настани се признаваат кога се настанати.

2. ,,Радио Демир Хисар“ да превземе активности и мерки за извршување на попис на материјалните средства, паричните средства, побарувањата и обврските и нивно усогласување со состојбите во сметководственат евиденција.

3. ,, Радио Демир Хисар“ да воспостави соодветни политики, начела и процедури кои ќе овозможат усогласување на состојбите на материјалните средства, паричните средства, побарувањата и обврските со фактичката состојба најмалку еднаш годишно.

4. ,,Радио Демир Хисар“ да воспостави сметководствени политики и начела за навремено и ажурно евидентирање и хронолошко презентирање на побарувањата и обврските во трговските книги и сметководствената евиденција.

5. ,,Радио Демир Хисар“ да воспостави сметководствени политики и начела за правилно евидентирање и навремено плаќање на пресметаните обврски-јавни давачки.

6. ,,Радио Демир Хисар“да воспостави сметководствени политики и начела кои ќе оневозможат подмирување на обврски во готово над износот пропишан со закон.

10.3. **Ефекти од ревизијата**

Имајќи ги во предвид наодите изнесени во точките 10.1; 10.2 предизвикуваат ,,Радио Демир Хисар“ да: управувањето и раководењето во претпријатието да се извршува според законски акти и статутарни одредби кои не се во сила, односно не се усогласени, подготвувањето на финансиските извештаи да не се извршува по пресметковна основа, да не се изврши попис на материјалните средства, паричните средства, побарувањата и обврските, ненавремено и неажурно евидентирање на побарувањата и обврските, неплаќање и бришење од евиденција на обврските-јавните давачки и исплата на обврски во готово над износот пропишан со закон.

11. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.1 до 10.2 финансиските извештаи не ја преставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на ,,Радио Демир Хисар“, резултатите од работењето и паричните текови за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, освен во точката 10.2. кај ,,Радио Демир Хисар“ е остварено законско и наменско користење на средства во финансиските трансакции за 2004 година.

13. Не изразувајќи резерва во нашето мислење, обрнуваме внимание на подолу наведената состојба:

13.1. Согласно Законот за радиодифузната дејност, Советот за радиодифузија, во соработка со Агенцијата за информации и МРТ, во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на наведениот закон, има обврска да ја испита состојбата и да направи анализа на постојните јавни претпријатија кои вршат радиодифузна дејност-радио на локално ниво. Резултатите од направената анализа ќе претставуваат основа за утврдување на статусот регионален центар на ЈП Македонска радиотелевизија односно предлог за нивна трансформација согласно одредбите на Законот за радиодифузна дејност. Поради погоре наведеното потребно е „Радио Демир Хисар“ да пристапи кон превземање на активности и мерки во соработка со Советот за радиодифузија за утврдување на својот статус како основа за понатамошна трансформација на претпријатието. Ваквиот начин и пристап кон неминовната трансформација на претпријатието ќе овозможи истото да биде активен чинител на своето понатамошно делување и опстојување.

**Овластен државен ревизор**

**Скопје, 15/12/2005 година** **Максим Ацевски**

## РАДИОДИФУЗНО ПРЕТПРИЈАТИЕ “РАДИО ДЕМИР ХИСАР“ П.О. ДЕМИР ХИСАР
## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.2. | 246 | 213 |
| Трансфери и донации | 3.3 | 853 | 794 |
| **Вкупно приходи** | | **1,099** | **1,007** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.1.1 | 821 | 669 |
| Стоки и други услуги | 3.1.2. | 276 | 326 |
| Тековни трансфери | | 0 | 0 |
| Каматни плаќања | | 0 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **1,097** | **995** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.2.1. | 0 | 10 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **0** | **10** |
| **Вкупно расходи** | | **1,097** | **1,005** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **2** | **2** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | | 1 | 1 |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | **1** | **1** |

Образложенијата дадени од страна 8-17 се составен дел на финансиските извештаи

**Поради заокружување на податоците искажани во финансиските извештаи во „000“ денари, за истите постои можност на отстапување.*

**РАДИОДИФУЗНО ПРЕТПРИЈАТИЕ “РАДИО ДЕМИР ХИСАР“ П.О. ДЕМИР ХИСАР**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 1 | 1 |
| **Вкупно тековни средства** | | **1** | **1** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 238 | 316 |
| **Вкупно постојани средства** | | **238** | **316** |
| **Вкупна актива** | | **239** | **317** |
| **Пасива** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.2. | 1 | 1 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **1** | **1** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 238 | 316 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **238** | **316** |
| **Вкупна пасива** | | **239** | **317** |

Образложенијата дадени од страна 8-17 се составен дел на финансиските извештаи

**Поради заокружување на податоците искажани во финансиските извештаи во „000“ денари, за истите постои можност на отстапување.*

**РАДИОДИФУЗНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ,,РАДИО ДЕМИР ХИСАР" П.О. ДЕМИР ХИСАР**

**ПРЕГЛЕД**

**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2004 ГОДИНА**

000 ден.

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2004 година** | **316** | **316** |
| **Намалување по основ на:** | **78** | **78** |
| Амортизација | 78 | 78 |
| **Состојба 31.12.2004 година** | **238** | **238** |

Образложенијата дадени од страна 8-17 се составен дел на финансиските извештаи

** Поради заокружување на податоците искажани во финансиските извештаи во ,,000" денари, за истите постои можност за отстапување*